Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 03-4927/1

24.07 20 24 год.-viti

Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање од 18.07.2024 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, бул. „Кочо Рацин“, бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин“, бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин“, бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

**Образложение**

Барателот на информацијата - Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин“, бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ на ден 18.07.2024 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање за увид во постапката за јавна набавка на Договор за реконструкција на административната зграда на АД МЕПСО бр. 05240/2024 и тоа:

- Одлука за јавна набавка;
- Записник од отворањето на понудите;
- Записник од спроведениот технички дијалог;
- Пристигнати понуди или пријави за учество (Образец на понуда – Финансиска понуда)
- Извештај за извршената евалуација;
- Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Одлука за извор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката;
- Извештај од спроведената е-аукција;
- Потпишан Договор за јавна набавка или рамковната спогодба и
- Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.

Информацијата ја бараат во форма на електронски запис по е-маил.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје на 20.03.2024 година донел Одлука за јавна набавка со предмет – Договор за реконструкција на административната зграда на АД МЕПСО.

**ПРИЛОГ:** Одлука за јавна набавка бр. 05-2239 од 20.03.2024 година

Членовите на Комисијата за јавни набавки на ден 15.05.2024 година составиле Записник од отварањето на понудите.

**ПРИЛОГ:** Записник од отварањето на понудите од 15.05.2024 година

Прилог 1 - Образец на понуда од ДПТУ МАКАУС БЛАГОЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ од 15.05.2024 гоидна

На ден 29.05.2024 година, Членовите на Комисијата за јавни набавки задолжени за евалуација на документите за докажување на условите за квалитативен избор и на техничките понуди изготвиле Извештај од евалуација на понудите.

**ПРИЛОГ:** Извештај за евалуација на понудите од 29.05.2024 година

Комисијата за јавни набавки на 31.05.2024 година составила Извештај од спроведената постапка

**ПРИЛОГ:** Извештај од спроведената постапка од 31.05.2024 година

На ден 31.05.2024 година АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје донел Одлука за поништување на постапка за доделување на договор за јавна набавка со констатација дека *„не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда"*.

**ПРИЛОГ:** Одлука за понишување на постапката за доделување на договор за јавна набавка бр. 05-2239/1 од 31.05.2024 година

Бидејќи постапката за јавни набавки е поништена пред да се донесат останатите документи содржани во барањето од 18.07.2024 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ, Имателот постапи во целост по барањето.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Zuhdi Enuz**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но

- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива